**20201121545**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 април 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, ИСТРАЖИТЕЛИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ И КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОДРЖИНАТА НА НЕОВЛАСТЕНО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ И ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ И КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОДРЖИНАТА НА НЕОВЛАСТЕНО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

Член 1

Во Уредбата со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и за финансирање на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/20), во насловот по зборовите „финансирање на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите“ се додаваат зборовите „за време на вонредната состојба“.

Член 2

Во членот 1 по зборовите „помошни работи“ се става запирка и се додаваат зборовите „за време на вонредната состојба“.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3592/1
30 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.